МАКЕДОНСКИ БРОД


## РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД
Ул.„7-ми Септември“ бр.4 тел/факс:045 274 810 e-mail: mak_brod@yahoo.com
www.mbrod.gov.mk


# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК


| | |
|---|---|
| **Службен гласник** | **04.10.2019 година** |
| **Општина Македонски Брод** | **Македонски Брод** |
| **Излегува по потреба** | **Број 10 – 2019 год.** |

ОКТОМВРИ 2019

Врз основа на член 5 став 2, член 20-б став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 27/16 и 35/18), член 21 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.04/17), по доставено барање од ООУ „Св.Климент Охридски“ бр.18-695/1 од 30.08.2019 година, Советот на Општина Македонски Брод, на 27-та седница одржана на 30.09.2019 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## за давање на согласност на Годишен план за вработување во ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод за 2020 година

### Член 1

Се донесува одлука за давање на согласност на Годишен план за вработување во ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод за 2020 година.

### Член 2

Оваа одлука заедно со Образецот на годишен план за вработување, да се достави до Министерство за информатичко општество и администрација за добивање на мислење по однос на истиот.

### Член 3

Одлуката влегува во сила со нејзино донесување, а ќе се објави во службен гласник на Општина Македонски Брод.

**Бр.18-744/3**
**30.09.2019 година**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**

**Бране Јованоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за давање на согласност на Годишен план за вработување во ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод за 2020 година**

Се објавува Одлука за давање на согласност на Годишен план за вработување во ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод за 2020 година, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 30.09.2019 година.

**Бр. 08 - 744/18**

**04.10.2019 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр. 02/03, 1/06, 1/11, 11/14,1/15 и 4/17-пречистен текст), Советот на Општина Македонски Брод на 27-та седница одржана на ден 30.09.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ФОРМИРАЊЕ НА РАБОТНА ГРУПА ЗА ПРЕВЗЕМАЊЕ НА МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО ВО ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**

**Член 1**

Со оваа Одлука се формира Работна група за превземање на мерки и активности во областа на образованието.

**Член 2**

Работната група е составена од претставници на општинската администрација, Совет на Општина Македонски Брод, установи од областа на образованиет и невладина организација.

**Член 3**

За членови на работната група , се именуваат:

- **Живко Силјаноски- Градоначалник на Општина Македонски Брод**
- **Пецо Стојкоски – Секретар на Општина Македонски Брод**
- **Томислав Стојкоски -** претставник на општинска администрација;
- **Милена Лозаноска** - претставник на општинска администрација;
- **Ивица Стојкоски** - претставник на Совет на Општина Македонски Брод
- **Ивица Аврамоски** - претставник на Совет на Општина Македонски Брод
- **Александар Максимоски** - претставник на Совет на Општина Македонски Брод
- **Гоце Стојановски** - претставник од ООУ „Св.Климент Охридски" Македонски Брод;
- **Ненад Маркоски -** претставник од СОУ „Св.Наум Охридски" Македонски Брод

**Член 4**

Членовите на работната група да направи анализа и предложи мерки за излез од моменталната состојба со која се соочува СОУ „Св.Наум Охридски“ Македонски Брод.

**Член 5**

За својата работа, работната група во најкраток можен рок го извести Советот на Општина Македонски Брод со предлог мерки и решенија.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

**Бр.18 – 744/ 4**
**30.09.2019 година**
**Мак.Брод**

**Претседател на Совет**
**на Општина Македонски Брод**
**Бране Јованоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за формирање на Работна група за превземање на мерки и активности во областа на образованието**

**во Општина Македонски Брод**

Се објавува Одлука за формирање на Работна група за превземање на мерки и активности во областа на образованието во Општина Македонски Брод, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 30.09.2019 година.

**Бр. 08 - 744/18**

**04.10.2019 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 36 став1 точка2 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/2002),а во врска со член 34 од Законот за Буџетите(Сл.Весник на РМ бр.64/05,4/08,103/08,156/09,95/10,180/11,171/12,192/15 и 167/16)Советот на Општина Македонски Брод на 27-та седница одржана на 30.09.2019 година ,ја донесе следната:

# О Д Л У К А

За проширување на средствата на Буџетот на Општина Македонски Брод
За **2019** година

**Член 1**

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2019 година, на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Се зголемуваат приходите на следните потаставки : | | | | | |
| 742111 | Приходи од обединетите нации | 0 | 0 | 5.329.600 | 0 |
| | | **0** | **0** | **5.329.600** | **0** |
| и се распредуваат на следните расходни потаставки : | | | | | |
| **G10** | **ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ** | | | | |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | 0 | 129.600 | 0 |
| **JI0** | **ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ** | | | | |
| 482920 | Изградба на други објекти | 0 | 0 | 5.200.000 | 0 |
| | | **0** | **0** | **5.329.600** | **0** |

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Македонски Брод и станува составен дел на Буџетот на општината за 2019 година.

Бр. 18-744/5
30.09.2019 година

Претседател на Советот на Општината
**Бране Јованоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за проширување на средства на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2019 година**

Се објавува Одлука за проширување на средства на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2019 година, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 30.09.2019 година.

**Бр. 08 - 744/18**

**04.10.2019 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 36 став1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМбр.5/2002),а во врска со член 33 од Законот за буџетите (Службен весник на РМ БР.64/05,04/08,103/08,156/09,95/10,180/11,171/12,192/15 И 167/16) Советот на Општина Македонски Брод на 27-та седница одржана на 30.09.2019 година ,ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Македонски Брод**

**за 2019 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2019 година на следниот начин :

| Потпрограма<br>Потставка | | БУГЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **G10** | **ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ** | | | | | |
| 425990 | Други договорни услуги | 33.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **JG0** | **ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ** | | | | | |
| 482720 | Изградба на капацитети за водоснабдување | -33.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Македонски Брод и станува составен дел на Буџетот на општината за 2019 година.

Бр. 18-744/6
30.09.2019 година

Претседател на Советот на Општината
**Бране Јованоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2019 година**

Се објавува Одлука за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2019 година, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 30.09.2019 година.

**Бр. 08 - 744/18**

**04.10.2019 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 20 точка 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18 год.) член 36 став 1 т.15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03, Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 30.09.2019 година донесе:

# ПРОГРАМА

## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНАТА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2019 ГОДИНА

1.Со оваа Програма се врши дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на територијата на општината Македонски Брод за 2019 година, бр.18-1046/11 од 27.11.2018 година донесена од страна на Советот на општината Македонски Брод и тоа во точка„ В“

**В.УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО**

Урбанистички план за вон населено место, согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, се донесува по потреба за плански опфат, за подрачје од рурален карактер. Со овој план се уредува намена и начин на користење на просторот, како и услови за градење на комплексни градби вон од градот и другите населени места.Бидејќи овие урбанистички планови се изработуваат врз основа на предходно издадени услови за планирање на просторот од страна на Агенцијата за планирање на просторот и Министерството за животна стедина и просторно планирање и нивното донесување ќе биде согласно законските процедури, изработена и усвоена Планска програма. Се предвидува изработка на нови урбанистички планови и измени и дополување на постојните за следните локалитети:
- Урбанистички план за вон населено место Викенд зона нас.Близанско „Блок-1“ КО Требовље,
- Урбанистички план за вон населено место Викенд зона Тажево „Блок-1“КО Тажево.

**СЕ ДОПОЛНУВА:**
**1.Изработка на урбанистички план вон населено место за електроцентрали од обновливи извори на енергија на КП бр.1 и КП бр.303 за КО Манастирец во површина од 240.740 м2**

**2.Изработка на урбанистички план вон населено место за електроцентрали од обновливи извори на енергија на КП бр.1574/1 за КО Манастирец во површина од 712.800 м2.**

**3.Изработка на урбанистички план вон населено место за електроцентрали од обновливи извори на енергија на КП бр.1668, КП бр.1664,КП бр.1667, КП бр.1665/1, КП бр.1855/1, КП бр.1865 и КП бр.1857/1 за КО Манастирец во површина од 485.923 м2.**

**4.Изработка на урбанистички план вон населено место за изградба на локалитет „Белица“ со намена А-4 времено сместување на КП бр.215, КП бр.216, КП бр.181/7 и КП бр.181/8 за КО Белица општина Македонски Брод за плански опфат во површина од 21.865 м2.**

2.Останатите одредби од Програмата за урбанистичко планирање на територијата на општината Македонски Брод за 2019 година, бр.18-1046/11 од 27.11.2018 година остануваат непроменети.

3.Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

**Бр.18 – 744/7**
**30.09.2019 год.**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Советот на Општина Македонски Брод**
**Бране Јованоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**за објавување на Програма за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на територијата на општината Македонски Брод за 2019 година**

Се објавува Програма за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на територијата на општината Македонски Брод за 2019 година, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 30.09.2019 година.

**Бр. 08 - 744/18**

**04.10.2019 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02), член 46 од Статутот на Општина Македонски Брод („Сл.гласник на Општина Македонски Брод” бр. 02/03,04/2017) и Законот за донации и спознорства во јавните дејности („Службен весник на РМ“ бр. 47/06, 86/08, 51/2011, 28/14, 153/15), Советот на Општина Македонски Брод на 27-та седница, одржана на ден 30.09.2019 година, ја донесе следната

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СПОНЗОРСТВА И ДОНАЦИИ ВО ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2019 ГОДИНА**

## I. ПОЈДОВНА ОСНОВА НА ПРОГРАМАТА

Програмата за доделување спонзорства и донации во Општина Македонски Брод за 2019 година, има за цел утврдување на критериуми и прецизирање на мерките и активностите преку кои општината ќе доделува спонзорства и донации, со кои, заштитувајќи го јавниот интерес, општината ќе стреми за остварување, унапредување, промоција и поддршка на дејности од јавен интерес.

Донации и спонзорства, врз основа на објавен јавен оглас или по доставено барање, Општина Македонски Брод ќе доделува заради унапредување и промоција на дејности/активности од јавен интерес, а особено во следните области:

- образованието и културата,
- спорт и млади,
- здравствената, социјала заштита и заштита на децата;
- заштита на животната средина,
- заштита и спасување на граѓани и материјални добра,
- локален економски развој
- и други области, кои се од особен интерес и значење за Општина Македонски Брод.

Програмата за доделување спознорства и донации во Општина Македонски Брод за 2019 година, се носи согласно Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности, како и подзаконските акти кои ја регулираат постапката за доделување на спонзорства и донации во јавните дејности, а врз основа на законските надлежности кои Општина Македонски Брод ги има како единица на локалната самоуправа.

Оваа програма ќе се спроведува во текот на 2019 година.

## II. МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Општина Македонски Брод, заради остварување на целта на оваа програма, ќе ги спроведува следните мерки и активности:

**А. Доделување на донација на правни и физички лица;**

**Б. Доделување на спонзорства на правни лица и физички лица.**

## III. ПОСТАПКА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОСЕБНИТЕ ВИДОВИ НА МЕРКИ И АКТИВНОСТИ

## А. ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОНАЦИЈА НА ФИЗИЧКИ И ПРАВНИ ЛИЦА

**1. Цел**

Основна цел на оваа активност која се спроведува во Општина Македонски Брод,

согласно одредбите од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности („Службен весник на РМ“ бр. 47/06, 86/08, 51/2011, 28/14, 153/15), е остварување, унапредување, промоција и поддршка на дејности од јавен интерес.

Донацијата како доброволна и безусловна помош во пари, добра и услуги, не создава директна корист за општината, ниту обврска за враќање од примателот на донацијата.

Општина Македонски Брод преку доделување на донација на физички и правни лица, ќе придонесува за задоволување, на потребите и целите на примателот на донацијата или за решавање на одредени состојби и проблеми со кои се соочува примателот на донацијата.

**2. Корисници – приматели на донација**

Корисници - приматели на донација се:

- правни лица кои имаат седиште на подрачјето на Општина Македонски Брод и кои остваруваат дејност од јавен интерес;
- физички лица со жителство на Општина Македонски Брод;

По исклучок од став 1 на овој член Советот може да додели донација за Република Северна Македонија, односно за правните субјекти коишто се основани од Република Северна Македонија и правните субјекти коишто работат во нивни состав за активности коишто се од особено значење за Општина Македонски Брод и Република Северна Македонија.

**3. Критериуми кои треба да ги исполнува примателот на донацијата**

Основни критерими кои треба да ги исполнува барателот на донација се следните:

- Жителство на Општина Македонски Брод за физички лица;
- седиште на правното лице на подрачје на Општина Македонски Брод/ реализација на активност на подрачјето на Општина Македонски Брод или реализација на активност, за која Општината, по добиено позитивно мислење од надлежниот орган за потврда на јавниот интерес, ќе одлучи дека истата како активност од јавен интерес е од исклучително позитивно значење за граѓаните на општината;
- извршување на дејност/активност од јавен интерес, а особено во следните области:
- образованието и културата,
- спорт и млади,
- здравствената, социјала заштита и заштита на децата;
- заштита на животната средина,
- заштита и спасување на граѓани и матријални добра,
- локален економски развој
- и други области, кои се од особен интерес и значење за Општина Македонски Брод.

4. **Предмет на донација**

Предмет на донација се:

- финансиски средства;
- секаков вид добра или услуги;
- преносни права.
- организирани настани за прибирање на средства.

Предметот на донација мора да е во согласност со дејноста на примателот на донацијата.

5. **Мерки**

Општина Македонски Брод ќе постапува по поднесено барање од страна на барателот на донацијата, со прилог уредна документација од која ќе се утврди оправданоста на барањето и со која ќе го потврди јавниот интерес на дејноста/ активноста која ја остварува а, за која е наменето барањето за донација.

Комисијата за буџет, финансирање и локален економски развој, при Советот на Општина Македонски Брод, ќе ги разгледува доставените барања за доделување на донации. За барањата за донација, коишто ќе се потврдат како основани и за кои Комисијата за буџет, финансирање и локален економски развој, при Советот на Општина Македонски Брод позитивно ќе се произнесе, Градоначалникот доставува предлог до Советот на Општина Македонски Брод за донесување на Одлука за доделување донација, во кој, согласно расположливите средства во Буџетот на општината за таа намена и расположивите добра, услуги или преносни права на Општина Македонски Брод, ќе се предложи и предметот на донација, согласно дејноста на примателот на донацијата:

- висината на финансиски средства;
- вид и обем материјални добра или услуги или
- вид на преносни права.

Општина Македонски Брод ќе се обрати со барање за потврда на јавниот интерес за конкретната донација, до Министерството за правда на РСМ. Извршувањето на Одлуката на Советот, ќе се спроведе по добиено позитивно мислење од министерството.

Општина Македонски Брод, заради прецизирање на правата и обврските, при доделувањето на донацијата, ќе склучи Договор за донација со примателот на донацијата.

6. **Носител**

Оваа активност, како посебна мерка во рамки на реализација на програмата за доделување на спонзорства и донации на Општина Македонски Брод за 2019 година, ќе се спроведе од страна на општината Македонски Брод, преку надлежниот Сектор за правни работи јавни дејности и администрирање на приходи и финансиски прашања на Општина Македонски Брод, како и соодветниот сектор од областа во која спаѓа предметот на донацијата, а во согласност со Одлуката за доделување на донација, донесена од страна на Советот на општината и позитивно мислење за потврда на јавниот интерес, дадено од страна на Министерството за правда на РСМ.

7. **Извори на средства**

Реализација на донација во вид на финансиски средства, ќе се врши со средства од Буџетот на Општина Македонски Брод за 2019 година, во рамки на расположливите средства за тие намени.

Донацијата во вид на материјални добра или преносни права, ќе се врши во рамки на реално расположливите добра или права, со кои располага Општина Македонски Брод, односно услуги кои може да ги пружи.

**Б. ДОДЕЛУВАЊЕ НА СПОНЗОРСТВА НА ФИЗИЧКИ И ПРАВНИ ЛИЦА**

1. **Цел**

Основна цел на оваа активност која се спроведува во Општина Македонски Брод, согласно одредбите од Законот за донации и спознорства во јавните дејности („Службен весник на РМ“ бр. 47/06, 86/08, 51/2011, 28/14, 153/15), е остварување, унапредување, промоција и поддршка на дејности од јавен интерес.

Општина Македонски Брод преку доделување на спонзорство на физички и правни лица, ќе придонесува за имплементација на јавниот интерес од определена јавна дејност.

Спонзорството како доброволна финансиска исплата, давање добра или услуги, Општина Македонски Брод ќе го доделува за конкретен проект или активност, кои ќе овозможат директна корист за општината, како што се промоцијата на името на Општина Македонски Брод.

**2. Корисници**

Корисници - примателли на спонзорство се:

- правни лица кои имаат седиште на подрачјето на Општина Македонски Брод и кои остваруваат дејност од јавен интерес;
- физички лица со жителство на Општина Македонски Брод;

По исклучок од став 1 на овој член Советот може да додели спонзорство за Република Северна Македонија, односно за правните субјекти коишто се основани од Република Северна Македонија и правните субјекти коишто работат во нивни состав за активности коишто се од особено значење за Општина Македонски Брод и Република Северна Македонија

Примателот на спонзорство е должен да ги извршува обврските од договорот за спонзорство, поточно за применото спонзорство да и овозможи на Општина Македонски Брод директна корист, како што е промоција на нејзиното име и слично.

**3. Критериуми кои треба да ги исполнува примателот на спонзорство се:**

Основни критерими кои треба да ги исполнува барателот на спонзорство се следните:

- Жителство на Општина Македонски Брод за физички лица;
- седиште на правното лице на подрачје на Општина Македонски Брод, реализација на активност на подрачјето на Општина Македонски Брод или реализација на активност, за која Општината, по добиено позитивно мислење од надлежниот орган за потврда на јавниот интерес, ќе одлучи дека истата како активност од

јавен интерес е од исклучително позитивно значење за граѓаните на општината;

- извршување на дејност/активност од јавен интерес, а особено во следните области:
- образованието и културата,
- спорт и млади,
- здравствената, социјала заштита и заштита на децата;
- заштита на животната средина,
- заштита и спасување на граѓани и матријални добра,
- локален економски развој
- и други области, кои се од особен интерес и значење за Општина Македонски Брод.

**4. Предмет на спонзорство**

Предмет на спонзорство можат да бидат:

-финансиски средства;

-секаков вид добра или услуги;

-преносни права.

Предметот на спонзорство мора да е во согласност со дејноста на примателот на спонзорството.

**5. Мерки**

Општина Македонски Брод ќе постапува по поднесено барање од страна на барателот на спонзорство, со прилог уредна документација од која ќе се утврди оправданоста на барањето и со која ќе го потврди јавниот интерес на дејноста/ активноста која ја остварува а, за која е наменето барањето за спонзорство.

Комисијата за буџет, финансирање и локален економски развој, при Советот на Општина Македонски Брод, ќе ги разгледува доставените барања за доделување на спонзорство. За барањата за спонзорства, коишто ќе се потврдат како основани и за кои Комисијата за буџет, финансирање и локален економски развој, при Советот на Општина Македонски Брод позитивно ќе се произнесе, Градоначалникот доставува предлог до Советот на Општина Македонски Брод за донесување на Одлука за доделување спонзорства, во кој, согласно расположливите средства во Буџетот на општината за таа намена и расположивите добра, услуги или преносни права на Општина Македонски Брод, предлага што ќе биде предмет на спонзорството, согласно дејноста на примателот на спонзорството:

- висината на финансиски средства;
- вид и обем на материјални добра или услуги или
- вид на преносни права.

Општина Македонски Брод ќе се обрати со барање за потврда на јавниот интерес за конкретното спонзорство, до Министерството за правда на РСМ. Извршувањето на Одлуката на Советот, ќе се спроведе по добиено позитивно мислење од министерството.

Општина Македонски Брод, заради прецизирање на правата и обврските, при доделувањето на спонзорството, ќе склучи Договор за спонзорство со примателот на спонзорството, во кој особено ќе се прецизираат обврските на примателот на спонзорство за применото спонзорство да и овозможи на Општина Македонски Брод директна корист, како што е промоција на нејзиното име и слично.

Примателот на спонзорство, ќе достави до Општина Македонски Брод доказ за извршената промоција на општината, согласно Законот за донации и спонзорства во јавните дејности.

**6. Носител**

Оваа активност, како посебна мерка во рамки на реализација на програмата за доделување на спонзорства и донации на Општина Македонски Брод за 2019 година, ќе се спроведе од страна на општината Македонски Брод, преку надлежниот Сектор за правни работи јавни дејности и администрирање на приходи и финансиски прашања на Општина Македонски Брод, како и соодветниот сектор од областа во која спаѓа предметот на донацијата, а во согласност со Одлуката за доделување на спонзорството, донесена од страна на Советот на општината и позитивно мислење за потврда на јавниот интерес, дадено од страна на Министерството за правда на РСМ.

**7. Извори на средства**

Реализација на спонзорство во вид на финансиски средства, ќе се врши со средства од Буџетот на Општина Македонски Брод за 2019 година, во рамки на расположливите средства за тие намени.

Спонзорство во вид на материјални добра или преносни права, ќе се врши во рамки на реално расположливите добра или права, со кои располага Општина Македонски Брод, односно услуги кои може да ги пружи.

**IV.** Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“, а ќе се применува во текот на 2019 година.

**Бр.18-744/8**
**30 09.2019 година**
**Мак.Брод**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Бране Јованоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**за објавување на Програмата за доделување спонзорства и донации во Општина Македонски Брод за 2019 година**

Се објавува Програмата за доделување спонзорства и донации во Општина Македонски Брод за 2019 година, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 30.09.2019 година.

**Бр. 08 - 744/18**

**04.10.2019 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа член член 49 од Законот за здруженија и фонадации („Службен весник на РМ“ број 52/2010, 135/2011, 55/2016) и член 46 од Статутот на Општина Македонски Брод(„Сл.гласник на општина Мак.Брод “ бр. 02/03....., 04/17), Советот на Општина Македонски Брод на 27-та седница, одржана на ден 30.09.2019 година, ја донесе следната

**ПРОГРАМА**
**ЗА ОСТВАРУВАЊЕ СОРАБОТКА СО ЗДРУЖЕНИЈА И ФОНДАЦИИ ЗА 2019 ГОДИНА**

## I. ПОЈДОВНА ОСНОВА НА ПРОГРАМАТА

Програмата за остварување соработка со здруженија и фонадации за 2019 година, има за цел подобрување на соработката со здруженијата и фондации, како и прецизирање на мерките и активностите преку кои општината ќе ја спроведува соработката.

Оваа програма ќе се спроведува во текот на 2019 година.

## II. МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ВО ОСТВАРУВАЊЕТО НА СОРАБОТКАТА

Општина Македонски Брод, со цел спроведување на соработката, ќе ги спроведува следните мерки и активности:

А. Финансиска подршка на здруженијата и другите организации кои имаат седиште на територијата на Општина Македонски Брод;

Б. Финансиска подршка на здруженија и други организации кои што организираат настани на територијата на Општина Македонски Брод;

В. Техничка подршка на здруженија и други организации кои што имаат седиште на територијата на Општина Македонски Брод.

## III. ПОСТАПКА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОСЕБНИТЕ ВИДОВИ НА СОРАБОТКАТА

**А. Финансиска подршка на здруженијата и другите организации кои имаат седиште на територија на Општина Македонски Брод**

**1. Цел**

Основна цел за спроведување на оваа соработка е помагање на здруженијата кои имаат седиште на територија на Општина Македонски Брод а чија што дејност е од јавен интерес или пак нивната дејност придонесува за развојот на општината или пак за подобар квалитет на животот на граѓаните.

**2. Корисници**

Корисници на оваа финансиска подршка можат да бидат здруженија кои што имаат седиште на територијата на општината и чија што дејност е од јавен интерес и кои што имале активности во последната година.

**3. Мерки**

Висината на средства кои во вид на финансиска поддршка ќе се доделуваат на здруженијата и други организации, кои имаат седиште на подрачејто на Општина Македонски Брод, согласно со расположливите средства за таа намена во Буџетот на општината за 2019 година, ќе се утврдува врз основа на поднесени барања, со комплетна документација од која би се потврдил основот на барањето, а по истите ќе се постапува

согласно услови и критериуми утврдени во правилник  со критериуми за доделување донации и спонзорства.

Средствата, се добиваат врз основа на претходно изготвени програми (проекти) од здруженијата или фондациите, кои ќе бидат доставени во прилог на барањето, во согласност со Законот за здруженија и фондации.

За доделување на финансиска помош на здруженијата и други организации кои имаат седиште на подрачјето на Општина Македонски Брод, во вид на спонзорство и донација, ќе се применуваат одредбите од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности.

### 4. Носител

Оваа активност, како посебна мерка во рамки на реализација на програмата за остварување на соработка со здруженија и фондации со седиште во Општина Македонски Брод за 2019 година, ќе се спроведе од страна на општината Македонски Брод , преку надлежниот Сектор за правни  работи јавни дејности и администрирање на приходи и финансиски прашања, согласно Правилник со критериуми за доделување донации и спонзорства и донесена Одлука од страна на Советот на Општина Македонски Брод , а за доделувањето на финансиска помош во вид на донација и спонзорство и по дадено позитивно мислење за јавниот интерес, од страна на надележното Министерство за правда на РСМ.

### 5. Извори на средства

Средствата за финансиска подршка на здруженијата и другите организации кои имаат седиште на територија на Општина Македонски Брод, во рамки на расположливте средства во Буџетот, се предвидени во  следните потпрограми:

-АО – Совет, потставка 463110 - трансфери  до здруженија на граѓани и фонадации

-ДО-Градоначалник, потставка 463110 - трансфери  до здруженија на граѓани и фонадации.

## Б. Финансиска подршка на здруженија и други организации кои што организираат настани на територијата на Општина Македонски Брод

### 1. Цел

Основна цел за спроведување на оваа соработка е помагање на здруженијата кои што организираат настани на територија на Општина Македонски Брод,  за кои ќе се утврди, дека се од  јавен интерес или пак со истите ќе се придонесе за развојот на општината и подобар квалитет на животот на граѓаните, особено за :

- подобрување на културниот и социјалниот живот на граѓаните на општината;

- подобрување на образовниот и едукативниот процес за граѓаните на општината;

- подобрување на спортско-рекреативниот живот на граѓаните на општината;

-подигање на свеста кај граѓаните и едукација за опасноста од зависности од droги и останати наркотични суспстанци;

- организирање хуманитарни и помагателни акции;

- подигање на еколошката свест кај населението;

- останати акции и активности за кои општината ќе утврди дека се од позитивно

значење и допринес за севкупниот развој на општината и во прилог на подобрување на животот на граѓаните.

2. **Корисници**

Корисници на оваа финансиска подршка можат да бидат здруженија и други организации кои што организираат настани на територијата на Општина Македонски Брод .

3. **Мерки**

Висината на средства кои во вид на финансиска поддршка ќе се доделуваат на здруженијата и други организации кои што организираат настани на територијата на Општина Македонски Брод, согласно со расположливите средства за таа намена во Буџетот на општината за 2019 година, ќе се утврдува врз основа на поднесени барања, со комплетна документација од која би се потврдил основот на барањето, по донесена Одлука од страна на Советот на Општина Македонски Брод, согласно Правилникот со критериуми за доделување донации и спонзорства, а за финансирање на настани во согласност од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, и по претходно добиено потврда од надлежна институција дека организираниот настан е од јавен интерес.

Средствата, се добиваат врз основа на претходно изготвени програми (проекти) од здруженијата или фондациите, кои ќе бидат доставени во прилог на барањето, во согласност со Законот за здруженија и фондации.

4. **Носител**

Оваа активност, како посебна мерка во рамки на реализација на програмата за остварување на соработка со здруженија и други организации кои што организираат настани на територијата на Општина Македонски Брод за 2019 година, ќе се спроведе од страна на општината Македонски Брод, преку надлежниот Сектор за правни работи јавни дејности и администрирање на приходи и финансиски прашања и надлежната комисија од областа во која спаѓа настанот или манифестацијата организирана од страна на здружениети/фонадацијата, согласно Правилникот со критериуми за доделување донации и спонзорства и донесена Одлука од страна на Советот на Општина Македонски Брод .

**Извори на средства**

Средствата за финансиска подршка на здруженијата и други организации кои што организираат настани на територијата на Општина Македонски Брод, во рамки на расположливте средства во Буџетот, се предвидениво следните потпрограми:

-АО – Совет, потставка 463110 - трансфери до здруженија на граѓани и фонадации

-ДО-Градоначалник, потставка 463110 - трансфери до здруженија на граѓани и фонадации

**В. Техничка поддршка на здруженија и други организации кои што имаат седиште на територијата на Општина Македонски Брод**

1. **Цел**

Основна цел за спроведување на оваа соработка е помагање на здруженијата кои што имаат седиште на територијата на Општина Македонски Брод, преку техничка поддршка дадена од страна на Општина Македонски Брод, во рамки на расположливата опрема која е

во сопственост на Општина Македонски Брод, која подразбира опрема за озвучување и останата техничка опрема потребна за спроведување на јавни програми и останати манифестации, за кои општината ќе утврди дека се од јавен интерес или приднесуват за подобрување на животот на граѓаните на Општина Македонски Брод.

**2. Корисници**

Корисници на оваа финансиска подршка можат да бидат здруженија и други организации кои што кои што имаат седиште на територијата на Општина Македонски Брод.

**3. Мерки**

Начинот и видот на техничка поддршка, која ќе се доделува на здруженијата и други организации кои што имаат седиште на територијата на Општина Македонски Брод, согласно со расположливата техничка опрема, сопственост на Општина Македонски Брод, ќе се утврдува врз основа на поднесени барања, со комплетна документација од која би се потврдил основот на барањето, а по дадено позитивно мислење од страна на надлежните служби во општината и по утврдување на јавниот интерес, врз онова на доставено известување дека се работи за настан кој е од јавен интерес.

**4. Носител**

Оваа активност, како посебна мерка во рамки на реализација на програмата за остварување на соработка со здруженија и други организации кои што имаат седиште на територијата на Општина Македонски Брод за 2019 година, ќе се спроведе од страна на општината Македонски Брод, преку надлежниот Сектор за правни работи јавни дејности и администрирање на приходи и финансиски прашања.

**IV.** Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“, а ќе се применува во текот на 2019 година.

**Бр.18-744/9**
**30.09.2019 година**
**Мак.Брод**

**Совет Општина Македонски Брод**
**Претседател**
**Бране Јованоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**за објавување на Програмата за остварување соработка со здруженија и фонадации за 2019 година**

Се објавува Програмата за остварување соработка со здруженија и фонадации за 2019 година, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 30.09.2019 година.

**Бр. 08 - 744/18**

**04.10.2019 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.05/02), а согласно со член 176 од Законот за основното образование („Службен весник на РСМ” бр.161/2019), член 21 точка 28 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ број 02/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17-пречистен текст) и барање од ООУ „Св.Климент Охридски” - Македонски Брод со број 18-731/1 од 13.09.2019 година, на 27-та седница одржана на ден 30.09.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за разрешување на член во Училишниот одбор на ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши разрешување претставник од Општина Македонски Брод за член во Училишниот одбор на ООУ „Св.Климент Охридски” Македонски Брод.

**Член 2**

Се разрешува Лилјана Стојаноска - досегашен претставник на Општина Македонски Брод, од функцијата член на Училишен одбор на ООУ „Св.Климент Охридски” Македонски Брод.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

**Бр.18-744/10**
**30.09. 2019 година**
**Мак. Брод**

**Претседател на Совет**
**на Општина Македонски Брод**
**Бране Јованоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за разрешување на член во Училишниот одбор на ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод**

Се објавува Одлука за разрешување на член во Училишниот одбор на ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 30.09.2019 година.

**Бр. 08 - 744/18**

**04.10.2019 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.04/17-пречистен текст), Советот на Општина Македонски Брод на седница одржана на ден 30.09.2019 година, донесе:

**ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА ВО ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**

**Член 1**

Во Правилникот за користење на средства за репрезентација во општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.5/2019 и 7/2019) во член 5 став (1) по алинејата 3 се додава нова алинеја 4, која гласи:

„- Програма ДО - расходна ставка 426 Други тековни раскоди потставка 426210 расходи за репрезентација во износ предвиден со Буџетот на Општина Македонски Брод”.

**Член 2**

Во член 9 став (1) по алинејата 2 се додава нова алинеја 3, која гласи:

„- Градоначалникот на Општина Македонски Брод во износ предвиден со Буџетот на Општина Македонски Брод”.

**Член 3**

Во член 10 зборовите:„член 8” се заменуваат со зборовите:„член 9 став (1) алинеја 1 и 2”.

**Член 4**

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Македонски Брод".

**Бр.18-744/11**
**30.09.2019 година**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**
**Претседател**
**Бране Јованоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**за објавување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за користење на средства за репрезентација во општина Македонски Брод**

Се објавува Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за користење на средства за репрезентација во општина Македонски Брод, што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на седницата одржана на ден 30.09.2019 година.

**Бр. 08 - 744/18**

**04.10.2019 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 11 став 1 алинеа 4 и 142 став (1) и став (2) од Законот за социјалната заштита („Службен весник на РСМ“ бр.104/2019), член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17-пречистен текст), Советот на Општина Македонски Брод на 27-та седница одржана на ден 30.09.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ОПШТИНСКИ СОВЕТ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**

**Член 1**

Со оваа Одлука се формира општински совет за социјална заштита на општина Македонски Брод.

**Член 2**

Општински совет за социјална заштита на општина Македонски Брод е составен од претставници на општинската администрација, центарот за социјална работа, даватели на услуги, здруженија, верски заедници и други правни лица и физички лица кои вршат дејност на социјална заштита, установи од областа на образованието, здраствената заштита, вработувањето, полиција и/или јавно обвинителство, од подрачјето на општината.

**Член 3**

Општински совет за социјална заштита на општина Македонски Брод брои 11 члена, со мандат од 4 години.

**Член 4**

За членови на општинскиот совет за социјална заштита на општина Македонски Брод, се именуваат:

- **Томислав Стојкоски -** претставник на општинска администрација;
- **Милка Стаменкоска** - претставник на општинска администрација;
- **Синиша Радески -** претставник од ЈУ „Меѓуопштински центар за социјална работа Македонски Брод";
- **Ивона Ѓурческа -** претставник од ЈУ „Меѓуопштински центар за социјална работа Македонски Брод";
- **Марјан Анѓелкоски -** претставник од МВР – Скопје, ПС ОН Македонски Брод;
- **Гоце Стојановски** - претставник од ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод;
- **Сузана Тренгоска** - претставник од ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод;
- **Ненад Маркоски -** претставник од СОУ „Св.Наум Охридски“ Македонски Брод;
- **Жарко Симески -** претставник од ЈЗУ - Македонски Брод;
- **Румена Михајлоска -** претставник од НВО;
- **Зоран Ставрески -** претставник на верска заедница.

**Член 5**

Членовите на општинскиот совет за социјална заштита на општина Македонски Брод од своите редови избираат претседател, со мандат од 2 (две) години, со право на повторен избор, кој има обврска за свикување на седниците на Советот.

**Член 6**

Општински совет за социјална заштита на општина Македонски Брод, изготвува социјален план за подрачјето на општина Македонски Брод, кој го доставува до Градоначалникот.

**Член 7**

За својата работа, општински совет за социјална заштита на општина Македонски Брод, најмалку еднаш годишно го известува Советот на Општина Македонски Брод.

**Член 8**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

**Бр.18 – 744/ 12**
**30.09.2019 година**
**Мак.Брод**

**Претседател на Совет**
**на Општина Македонски Брод**
**Бране Јованоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за формирање на општински совет за социјална заштита на општина Македонски Брод**

Се објавува Одлука за формирање на општински совет за социјална заштита на општина Македонски Брод, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 30.09.2019 година.

**Бр. 08 - 744/18**

**04.10.2019 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 116 став 1, алинеја 2 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр.23/13,12/14,.....146/19), член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/2003....4/17-пречистен текст), Советот на Општина Македонски Брод на 27-та седница одржана на ден 30 септември 2019 година, донесе

# О Д Л У К А

## за давање на согласност на одлуката на УО на ОЈУДГ „7-ми Септември“ за усвојување на Годишна програма за работа за 2019/2020 година

**1.** Советот на Општина Македонски Брод дава согласност на одлуката од УО бр.02-130/2 од 18.09.2019 година за усвојување на Годишната програма за работа на ОЈУ-детска градинка „7-ми Септември“ Македонски Брод за 2018/2019 година

**2**. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Број 18- 744/13** — **Совет на општина Македонски Брод**

**30.09.2019 година** — **Претседател,**

**Македонски Брод** — **Бране Јованоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 –пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за давање на согласност на одлуката на УО на ОЈУДГ „7-ми Септември“ за усвојување на Годишна програма за работа за 2019/2020 година**

Се објавува Одлука за давање на согласност на одлуката на УО на ОЈУДГ „7-ми Септември“ за усвојување на Годишна програма за работа за 2019/2020 година, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 30.09.2019 година.

**Бр. 08 - 744/18**

**04.10.2019 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03…4/17 пречистен текст), по доставено барање од ЈКП Комунална хигиена до Советот на Општина Македонски Брод бр.18-758 од 26.09.2019 година на 27-та седница одржана на ден 30 Септември 2019 година, донесе

# О Д Л У К А

**за недавање на согласност на Одлуката на УО бр.03-194/8 од ЈКП „Комунална хигиена“ за измена и дополна на ценовник на висината на сметките за собирање на отпад**

1.Советот на Општина Македонски Брод, недава согласност на Одлуката бр.03-194/8 од 14.08.2019 година од ЈКП „Комунална хигиена“ за измена и дополна на ценовник на висината на сметките за собирање на отпад.

**2**.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Број 18- 744/14**<br>**30.09.2019 година**<br>**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**<br>**П р е т с е д а т е л,**<br>**Бране Јованоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за недавање на согласност на Одлуката на УО бр.03-194/8 од ЈКП „Комунална хигиена“ за измена и дополна на ценовник на висината на сметките за собирање на отпад**

Се објавува Одлука за недавање на согласност на Одлуката на УО бр.03-194/8 од ЈКП „Комунална хигиена“ за измена и дополна на ценовник на висината на сметките за собирање на отпад, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 30.09.2019 година.

**Бр. 08 - 744/16**

**04.10.2019 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 22 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), Закон за управување со отпад („Службен весник на РМ“ бр.68/04.....29/11) и член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03...4/17-пречистен текст), по доставено барање од м.з. с.Девич бр.18-748/3 од 24.09.2019 година, Советот на Општина Македонски Брод на 27-та седница одржана на ден 30.09.2019 година, донесе

# О Д Л У К А

**за висината на цени на услуги за собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад**

**за село Девич**

1.Се донесува Одлука за висината на цени на услуги за собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад за село Девич.

2.Надоместокот за подигање, транспортирање и депонирање на комунален отпад за физички лица во село Девич се утврдува во паушален износ од 130,00 денари по домаќинство (собирањето на отпадот двапати месечно).

3.ЈКП „Комунална Хигиена“ како давател на услугата и корисникот на услугата да склучат договор за регулирање на меѓусебните односи.

4.Со Одлуката да се запознае ЈКП „Комунална Хигиена“ – М.Брод и месна заедница с.Девич.

**5.**Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр. 18 - 744/15**
**30.09.2019 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Бране Јованоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за висината на цени на услуги за собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад**

**за село Девич**

Се објавува Одлука за висината на цени на услуги за собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад за село Девич, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 30.09.2019 година.

**Бр. 08 - 744/18**

**04.10.2019 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ 05/02) и член 21 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03...4/17 пречистен текст), а согласно член 30 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод за 2019 година („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.14/18) и Правилникот за утврдување на критериуми за доделување на парична помош за утврдени категории на лица бр.18-372/8 донесен од страна на Совет на Општина Македонски Брод од 30.03.2018 година, по доставено барање од Аница Маркоска бр.18-714/1 од 06.09.2019 година, Советот на општина Македонски Брод на 27 седницата одржна на ден 30.09.2019 година донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод**

**како еднократен надоместок по барања**

**од физички лица – Аница Маркоска**

1.Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржна на ден 30.09.2019 година донесе решение за одобрување на еднократен надоместок и тоа како следи на:

- Аница Маркоска и се одобрува еднократен надоместок во износ од 5.000,00 денари како помош за лекување

2.Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Македонски Брод за 2019 година, програма АО Совет на Општина Македонски Брод, ставка 464, подставка 464 990 други трансфери.

3.Се задолжува Одделението за финансиски прашања при Општина Македонски Брод да го изврши наведеното решение согласно расположливите средства.

4.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.18- 744/16**

**30.09.2019 година** **Совет на општина Македонски Брод**

**П р е т с е д а т е л,**

**Бране Јованоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**за објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања**

**од физички лица – Аница Маркоска**

Се објавува Решение за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица – Аница Маркоска, што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на седницата одржана на ден 30.09.2019 година.

**Бр. 08 - 744/18**

**04.10.2019 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 21 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на РМ" бр.78/15, 106/15, 153/15 и 190/16), член 36 став 1 точка 15 и член 64 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод" бр.2/2003, 1/06, 1/11, 11/14 и 1/15), по доставено барање од ЛАГ Самоков бр.03-737/1 од 17.09.2019 година, Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.09.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за издавање на недвижна ствар на времено користење**

**Член 1**

Согласно оваа одлука се дава на користење канцелариски простор на горниот спрат во поранешна општинска зграда во Самоков за потребите на Локална акциона Група со седиште во Самоков.

**Член 2**

Наведениот простор се издава на користење без надоместок. Користењето и сите други тековни инвестиции и одржување, како и плаќање на сите давачки (струја, вода и др.) паѓаат на терет на корисникот.

**Член 3**

Советот на општината го овластува Грдоначалникот на Општина Македонски Брод да склучи договор за издавање на користење на наведениот простор со Здружението ЛАГ со седиште во Самоков каде подетално ќе бидат договорени правата и обврските на странките во договорот.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Македонски Брод".

**Бр. 18 – 744/17**
**30.09.2019 година**
**Македонски Брод**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Бране Јованоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за издавање на недвижна ствар на времено користење**

Се објавува Одлука за издавање на недвижна ствар на времено користење, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 30.09.2019 година.

**Бр. 08 - 744/18**

**04.10.2019 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник**

**Живко Силјаноски с.р.**

**Службен гласник број 10 од 04.10.2019 година на Совет на општина Македонски Брод**

# С О Д Р Ж И Н А


Одлука за давање на согласност на Годишен план за вработување во ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод за 2020 година ........................................... стр. 2

Заклучок за објавување на Одлука за давање на согласност на Годишен план за вработување во ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод за 2020 година ........ стр. 3

Одлука за формирање на работна група за превземање на мерки и активности од областа на образованието во Општина Македонски Брод .............................................. стр. 4

Заклучок за објавување на Одлука за формирање на работна група за превземање на мерки и активности од областа на образованието во Општина Македонски Брод ........ стр. 5

Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2019 година .......................................................................................................... стр. 6

Заклучок за објавување на Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2019 година ................................................................... стр. 7

Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2019 година ........................................................................................... стр. 8

Заклучок за објавување на Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2019 година .................................................. стр. 9

Програма за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на територијата на Општина Македонски Брод за 2019 година ........................................ стр. 10

Заклучок за објавување на Програма за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на територијата на Општина Македонски Брод за 2019 година ........................................................................................................................ стр. 12

Програма за доделување спонзорства и донации во Општина Македонски Брод за 2019 година ......................................................................................................... стр. 13

Заклучок за објавување на Програма за доделување на спонзорства и донации во Општина Македонски Брод за 2019 година ............................................................. стр. 19

Програма за остварување соработка со здруженија и фондации за 2019 година ........................................................................................................................ стр. 20

Заклучок за објавување на Програма за остварување соработка со здруженија и фондации за 2019 година ................................................................................. стр. 24

Одлука за разрешување на член во Училишниот одбор на ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод ........................................................................... стр. 25

Заклучок за објавување на Одлука за разрешување на член во Училишниот одбор на ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод ..........................................................стр. 26

Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за користење на средства за репрезентација во Општина Македонски Брод ........................................................ стр. 27

Заклучок за објавување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за користење на средства за репрезентација во Општина Македонски Брод ...................................................................................................................................... стр. 28

Одлука за формирање на општински совет за социјална заштита на Општина Македонски Брод ................................................................................................ стр. 29

Заклучок за објавување на Одлука за формирање на општински совет за социјална заштита на Општина Македонски Брод ...................................................................... стр. 31

Одлука за давање на согласност на Одлуката на УО на ОЈУДГ „7-ми Септември“ за усвојување на Годишната програма за работа за 2019/2020 година .............................. стр. 32

Заклучок за Објавување на Одлука за давање на согласност на Одлуката на УО на ОЈУДГ „7-ми Септември“ за усвојување на Годишната програма за работа за 2019/2020 година .......................................................................................................................... стр. 33

Одлука за недавање на согласност на Одлуката на УО бр.03-194/8 од ЈКП „Комунална хигиена“ за измена и дополна на ценовник на висината на сметките за собирање на отпад ........................................................................................................... стр. 34

Заклучок за објавување на Одлука за недавање на согласност на Одлуката на УО бр.03-194/8 од ЈКП „Комунална хигиена“ за измена и дополна на ценовник на висината на сметките за собирање на отпад ....................................................................................... стр. 35

Одлука за висината на цени на услуги за собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад за село Девич ........................................................................... стр. 36

Заклучок за објавување на Одлука за висината на цени на услуги за собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад за село Девич .............................. стр. 37

Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица - Аница Маркоска ....................... стр. 38

Заклучок за објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица - Аница Маркоска ............................................................................................................. стр. 39

Одлука за издавање на недвижна ствар на времено користење ........................ стр. 40

Заклучок за објавување на Одлука за издавање на недвижна ствар на времено користење ....................................................................................................................... стр. 41